РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULATOR PËR ENERGJETIKË DHE SHËRBIME TË UJIT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 12-88/1
21-01-2021 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 12) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 јануари 2021 година донесе

## РЕШЕНИЕ

**за одобрување на Планот за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2021 година на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија**

1. Со ова решение се одобрува Планот за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2021 година изготвен од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија.
2. Одобрениот план за одржување од точка 1 од ова решение е даден во Прилог, кој е составен дел на ова решение.
3. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија, одобрениот план за одржување од точка 1 на ова решение да го објави на својата веб страница во рок од седум дена од денот на влегувањето во сила на ова решение.
4. Ова решение влегува со сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија (во понатамошниот текст: Електродистрибуција), врз основа на член 93 став (3) точка 8) од Законот за енергетика* е должен да објави на својата веб страница План за одржување на електродистрибутивната мрежа во согласност со мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика).

Електродистрибуција до Регулаторната комисија за енергетика достави План за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2021 година (во понатамошниот текст: План за одржување) бр. 12-2530/1 од 18 декември 2020 година, во којшто се прикажани активностите за одржување на високонапонската и среднонапонската мрежа (трансформаторски станици ВН/СН, опрема во напојни трансформаторски станици, високонапонски и среднонапонски водови), одржување на нисконапонска мрежа (одржување на трансформаторски станици СН/НН, нисконапонски водови).

Поради настанатата здравствена состојба, Регулаторната комисија за енергетика не одржува подготвителни седници и комуникацијата со засегнатите страни се одвива по електронски пат. Поради ова, на 4 јануари 2021 година Регулаторната комисија за енергетика на својата веб страница објави Соопштение со коешто ја информираше јавноста дека најдоцна до 18 јануари 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика електронски може да доставуваат забелешки, коментари и

предлози по Планот за одржување. До предвидениот рок до Регулаторната комисија за енергетика не пристигнаа забелешки.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест и е прогласена кризна состојба, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр.02-87/1 од 21 јануари 2021 година, одлучи да се одржи седница за одобрување на Планот за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2021 година на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 21 јануари 2021 година одржа седница на која го одобри Планот за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2021 година бр. 12-2530/1 од 18 декември 2020 година.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-88/1**
**21 јануари 2021 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Изработил: Елизабета Арсова
Контролирал: Мерита Дема
Одобрил: Никола Николиќ

**ПРИЛОГ:**

- План за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2021 година на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје